# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 27 | 01.10.2019 год. |



**ЈЕГУНОВЦЕ, ОКТОМВРИ 2019**

1.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/1
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

2.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 119 и 120 од Статутот на Општина Јегуновце(„Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/2003, 16/2010, 19/2010, 20/2014, 26/2015) Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на ден 30.09.2019 год., донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце

### Член 1

Во член 2, член 8 став 1 и 4, член 20 став 2, член 40 став 4, член 114 и член 115 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/2003, 16/2010, 19/2010, 20/2014, 26/2015) помеѓу зборовите „Република„ и „Македонија„ се додава зборот „Северна„.

### Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1317/3
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

3.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Оперативниот план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2019/2020

**Се прогласува** Оперативниот план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2019/2020, што, Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/2
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02) , член 21 став 1 точка 12 и 43 од Статутот на Општина Јегуновце („ Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и член 61 и 64 од Одлуката за комунален ред на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр.38/07), Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на ден 30.09.2019 год. донесе

**О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н**

За зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците
по населените места во Општина Јегуновце за 2019/2020

Овој оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа по населените места во Општина Јегуновце е во согласност со остварувањето на надлежностите на општината како и реализирањето на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце.

1. Зимското одржување на локалната патна мрежа на територија на Општина Јегуновце опфаќа:

а.) Чистење на локалните патни правци:

- Локален пат во с.Јегуновце што го поврзува ОУ „Александар Здравковски со регионалниот пат Р-407.
- Од регионалниот пат Р-407 до мостот на реката Вардар
- Локалниот пат Сиричино-Туденце-Копанце-Раотинце-Подбреѓе;
- Локален пат Јегуновце-Раотинце (Чаковска улица од мостот до последната куќа);
- Прељубиште-Туденце;
- Локален пат Прељубиште-Жилче
- Пруга-Ратае;
- Шемшово-Озормиште (во должина од 850 м одн. 100 м до првата куќа во с. Озормиште)
- Од регионалниот пат Р-407 до крајот на селото во с.Јанчиште во должина од 700 м.
- чистење до училиштата, верските објекти и селските гробишта во сите населени места на територија на Општина Јегуновце.

б.) Чистење на локалните патни правци:

- Од регионалниот пат до центарот на Јажинце и новото подрачно училиште;
- Од регионалниот пат до подрачното училиште во с.Јажинце(новоизградениот пат)

- Од регионалниот пат до центарот на Рогачево;
- Од регионалниот пат до центарот на Старо Село (под црква);
- Заобиколениот пат од сепарацијата на Сурин до црква
- Од регионалниот пат до центарот на Вратница;
- Од регионалниот пат до центарот на Беловиште со крак према м.в. Странчиња;
- Од регионалниот пат до селските гробишта во с.Орашје;
- Од регионалниот пат со крак нова населба до амбуланта Вратница;
- Локалниот пат од мотел Вратница до Беловиште

2. Услови за чистење

Локалните патишта да се чистат во ширина од најмалку 3 м со изработка на проширување за разминување на возила во должина од минимум 15 м на растојание не повеќе од 200 м.

Изведувачот машините да ги ангажира за чистење на локалните патишта кога снежната покривка ќе достигне 10 см.

3. Контрола врз квалитетот на извршените работи

Контрла врз квалитетот на извршените работи ќе врши Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Јегуновце.

При вршење на контрола на Комисијата да и се обезбеди службеното општинско возило.

Доколку Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина утврди дека изведувачот на работите не ги извршува работите согласно договорот за зимско одржување на локалната патна мрежа по населените места во општина Јегуновце нема да му се изврши исплата.

4. За зимско одржување и чистење на локалните патни правци наведени во точка 1. под а) и б) Општина Јегуновце ќе избере и ќе склучи договор со најповолниот понудувач.

5.За чистење на улиците во населените места согласно Одлуката за комунален ред на општина Јегуновце бр.07-1171/3 од 09.07. 2007 год. обврска на советите на МЗ е да преку граѓаните ги спроведат одредбите од член 61 и 64 на споменатата Одлука кои гласат:

„Член 61

Граѓаните го расчистуваат снегот и мразот на јавните и сообраќајнте површини во населениоте места.

Посебно треба да се обрне внимание на просторот пред својот двор до половина на улицата.

Член 64

Правните и физички лица се должни да го исчистат снегот и мразот на тротоарите или ако улициата нема тротоар од коловозот на половина улица во целата должина на локацијата пред својот објект.„

6. Оперативниот план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1317/4
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

6.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За прогласување на Буџетскиот календар за донесување на буџетот на Општина Јегуновце за 2020 год.

**Се прогласува** Буџетскиот календар за донесување на буџетот на Општина Јегуновце за 2020 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/3
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), член 27 ставовите 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмта седница одржана на ден 30.09.2019 год.,донесе,

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА**
**ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

| РБ. | Носител на активност | Буџетски активности | Месеци |
|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии | Министерството за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изотвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотации од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините<br>Закон за буџетите и<br>Закон за финансирање на ЕЛС. | Септември |
| 2. | Градоначалник на општина и Одделение за финансиски прашања | Утврдува насоки за подготовка на финансиски планови на буџетските корисници | Почеток на Октомври |
| 3. | Одделение за финансиски прашања | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата на буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби | 15-25 Октомври |
| 4. | Општински буџетски корисници | Доставуваат предлог буџетски планови.<br>- со проценка на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на одделението за финансиски прашања од буџетски корисници | 30 октомври |
| 5. | Одделение за финансиски прашања | а) се собираат буџетските барања и плановите на буџетските корисници<br>б) барањата се анализираат и усогласуваат<br>в) се изготвува биланс на приходи<br>г) се изготвува биланс на расходи | ноември |
| 6. | Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, патишата и улици и локален економски развој | Се изготвуваат развојни програми на урбанистички планови и комунално уредување на буџетот на општината | ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Градоначалник на Општина | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-Буџетот подготвен од Одделението за финансики прашања | 15-20 ноември |
| 8. | Совет на Општина | Изготвување на Нацрт Буџет и Предлог -Буџет и расправа за евентуално дополнување | Почетокот на декември |
| 9. | Градоначалник на Општина | Доставување на Предлог Буџетот до Советот | Средина на Декември |
| 10. | Совет на општина | Се води расправа во телата на Советот на општината | 20 Декември |
| 11. | Совет на Општина | Усвојување на Буџетот<br>Доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот донесува одлука за времено финасирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС член 28 став 2 | 25-31 декември |

Бр.08-1317/5
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

9.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019/2020 год. на ученик со посебни образовни потреби

**Се прогласува** Одлуката за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019/2020 год. на ученик со посебни образовни потреби, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/4
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

10.-

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ„ бр. 161/2019), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „бр. 05/02), и член 21 точка 32 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на 30.09.2019 година ја донесе

**О Д Л У К А**

**за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019-2020 година на ученик со посебни образовни потреби**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на исплата на парична помош со намена надомест на патни трошоци на ученик со посебни образовни потреби.

Член 2

Финансиските средства од член 1, се доделуваат за период на траење на учебната 2019/2020 година, при што исплата ќе се врши во месечен износ во висина на реално направените трошоци за превоз од местото на живеење до училиштето и назад.

Исплатата на средствата ќе се врши по доставена документација:

- Оригинал потврда на ученикот дека е редовен ученик во паралелка за деца со посебни потреби за учебната 2019-2020 година, издадена од соодвена институција;
- Фотокопија од лична карта на родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби;
- Фотокопија од трансакциска сметка родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби и
- Барање за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019-2020 година.

Барање за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019-2020 година се поднесува во архивата на општина Јегуновце за секој месец посебно.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на Општина Јегуновце, Потпрограма А0-Совет на општина, потставка 464990 - Други трансфери, а ќе се уплаќаат на трансакционата сметка на име на родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби, согласно член 2 став 2 и став 3.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце“.

Бр.08-1317/6
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

11.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце

**Се прогласува** на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/5
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

12.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 20-б став 1 алинеа 3 а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 32 став 8 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на ден 30.09.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце заверен со деловоден бр.0302-242/1 од 30.08.2019 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1317/7
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

13.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
### За прогласување на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од Шемшово

**Се прогласува** на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од Шемшово , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/6
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

14.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 20-б став 1 алинеа 3 а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 32 став 8 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на ден 30.09.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од с.Шемшово

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од с.Шемшово заверен со деловоден бр.0302-314 од 29.08.2019 год.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1317/8
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

15.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратница

**Се прогласува** на Одлуката за давање на согласностна на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратнца , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.09. 2019 г.

Бр. 09-1356/7
01.10.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

16.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 20-б став 1 алинеа 3 а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 32 став 8 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетиседмата седница одржана на ден 30.09.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратница

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратница заверен со деловоден бр.03-156/1 од 30.08.2019 год.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1317/9
30.09.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

Согласно член 115 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 25.09.2019 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување од функцијата директор на**
**ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево**

1. Селман Алити се разрешува од функцијата директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево заклучно со 22.09.2019 год., поради истек на мандат за кој беше именуван.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување директор бр.09-923/5 од 11.09.2015 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување директор бр.09-923/5 од 11.09.2015 г. Селман Алити беше именуван за директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево со мандат од 4 години.

На Селман Алити директор на ООУ„Шемшево„ од с.Шемшево му престанува функцијата директор заклучно со 22.09.2019 г., поради истекот на мандатот за кој беше именуван.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и посапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Дарко Блажески, с.р.

Согласно член 118 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 25.09.2019 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должност Директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево**

1. Селман Алити вработен на неопределено време во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево на работно место наставник по Историја и Географија на албански паралелки се именува за вршител на должност директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево.

2. Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, почнувајќи од 23.09.2019 г., а за тој временски период работното место ќе му мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 23.09.2019 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

**О б р а з л о ж е н и е**

Од редот на вработените во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево, Селман Алити вработен на неопределено време во истото училиште, на работно место наставник по Историја и Географија на албански паралелки се именува за вршител на должност директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево.

Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, почнувајќи од 23.09.2019 г., а за тој временски период работното место ќе му мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесеувањто а ќе се применува од 23.09.2019 год.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и посапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Дарко Блажески, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце ................................ 1

2. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце ........................................................................................ 2

3. Решение за прогласување на Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2019/2020 ................................................................ 3

4. Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2019/2020 ..... 4

5. Решение за прогласување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2020 година ...................................... 6

6. Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2020 година ........................................................................................ 7

7. Решение за прогласување на Одлука за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019-2020 година на ученик со посебни образовни потреби ........................................................ 9

8. Одлука за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2019-2020 година на ученик со посебни образовни потреби ........................................................................................ 10

9. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце ................................................................ 11

10. Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Александар Здравковски од Јегуновце ............ 12

11. Решение за прогласување на Одлука за за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од с.Шемшово ........................................................................................ 13

12. Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Шемшово од с.Шемшово .................................. 14

13. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратница ........................................................................ 15

14. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во ООУ Симче Настовски од Вратница ......................... 16

15. Решение за прогласување на Решението за разрешување од функцијата директор на ООУ Шемшево од с.Шемшево ......................... 17

16. Решение за прогласување на Решението за именување вршител на должност директор на ООУ Шемшево од с.Шемшево ............................ 18